Одборот за доделување на државната награда „Мајка Тереза“ распишува

**К О Н К У Р С**

**за доделување на државната награда „Мајка Тереза“ во 2022 година**

Со државната награда „Мајка Тереза“ се оддава признание за остварувања во областа на хуманоста и човечката солидарност и за поттикнување и унапредување на меѓусебното разбирање и развој на соработката како меѓу народите, така и меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери.

Државната награда се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани од земјава.

Државната награда, под условите определени во Конкурсов, може да се додели и на странски државјани, група творци, екипи и институции од странство.

На награден поединец му се доделува диплома и паричен износ.

На секој член од наградена група творци или екипа му се доделува диплома и еднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделува диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „Мајка Тереза“ изнесува *пет (5) просечни месечни плати* во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци од тековната година.

Државната награда „Мајка Тереза“ се доделува, по правило, секоја година.

Во една година може да се доделат најмногу *две награди*.

Иницијатива за доделување на државната награда „Мајка Тереза“ може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: *прецизни биографски податоци, точна адреса на живеење (улица и број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други податоци за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето, како и соодветна документација со која би се потврдиле податоците.*

*Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.*

Текстот на иницијативата (комплетиран) треба да се достави во 15 примероци, а трудовите (книги, публикации и сл.) се третираат како прилози и треба да се доставаат во еден (1) примерок.

Адресата на којашто треба да се доставаат иницијативите е:

Министерство за култура на Република Северна Македонија – Одбор за доделување на државната награда „Мајка Тереза“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, Република Северна Македонија.

**Конкурсот ќе трае од 1 до 30 април 2022 година.**

Некомплетните иницијативи и иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием на Конкурсов нема да бидат разгледувани.

**Одбор за доделување на државната награда „Мајка Тереза“**